


## Нека ни е честит и вековит Денот на светското културно наследство

Денес е посебен ден за сите нас, го одбележуваме Денот на спомениците и локалитетите, Денот на светското културно наследство. Многу сме среќни што сме тука сите заедно, на завршната манифестација, да оставиме една порака до сите дека културното наследство е нашето најголемо богатство, а само преку најмладите ќе создадеме свесност и традиција заеднички да го негуваме, чуваме и презентираме.

Материјалните и нематеријалните елементи на културното наследство треба да ги зачуваме за да ја разбереме нашата разновидност, да се збогатиме со знаење од минатото, да ги обликуваме нашите идентитети со важни вредности како поединци, заедници, општества, да гледаме напред и да ги пренесуваме сите на идните генерации.



ООУ Лазо Трповски кој е иницијатор, носител и организатор на проектот, упатува голема благодарност до нашите партнер училишта ООУ „Лирија“, ООУ „Тефејјуз“ и ООУ „26 Јули“, кои се вклучија во овој значаен проект - Заеднички да го одбележиме Денот на Светското културно наследство.










Во фокусот на проектните активности се негување, охрабрување и интегрирање на мултиетничките и мултикултурните вредности, образување и надградување како на учениците, наставниците и вработените во училиштата, така и на родителите и заедницата, преку негување на хармонични односи кои се темелат на почитување на разликите, градејќи притоа свест за значењето на културното наследство на нашата татковина.






Во овој проект учествуваа четириесет ученици. За реализација на проектот беа преземени повеќе работилници и активности, меѓу кои и предавање од страна на м-р Василка Димитровска за обичајот „Мартинки“, нематеријално културно наследство впишано во УНЕСКО, чијшто носител за Македонија е невладината организација ХАЕМУС.






Во овие времиња полни со неизвесности и предизвици покажавме дека можеме да бидеме сплотени, да се почитуваме, да учиме едни од други, дека сите сме исти. Најмногу им се заблагодаруваме на учениците кои преку низата работилници и активности нижеа безброј пораки, за единството, толеранцијата и меѓусебната соработка во нашата татковина, на креативен начин ни покажаа колку голема вредност му даваат на културното наследство, а нивните дела беа доказ дека тие се свесни за културните вредности и на свој оригинален начин ги прикажуваат нивните идеи.



Голема поддршка добивме од турскиот културниот центар Јунус Емре во сите наши активности. Во рамки на проектот се дбележува и 700 години од смртта на Јунус Емре, познат мислител, поет, хуманист, човек кој е мошне значаен за Турција но и пошироко.

Мултикултурното образование е лулка на создавање на односи за толеранција и меѓусебно почитување и зачувување на етнокултурниот идентитет на народите.











Манифестацијата ја започнавме со виртуелната изложбена поставка на трудовите од учениците како учесници на наградниот конкурс, која е потврда за желбата на младите да ја покажат својата креативност и значење на мултикултурното наследство. Истата е поставена и снимена во Споменикот на културата Куршумли ан, во кој првично овој настан беше планиран да се реализира токму во тој амбиент. Жалиме сите што не можевме да присуствуваме таму поради затекнатата ситуација со пандемијата.



Низ целата реализација на овој проект огромна беше поддршката од директорката на ООУ Лазо Трповски г-ѓа Соња Јовановска, која се обрати и ја поздрави културната манифестација со  убави пораки упатени посебно до младата популација, кои се столбот врз кои се гради иднината.



Еден од значајните соработници и поддржувачи на овој културен настан е Турскиот културен центар - Јунус  Емре, кои се посветени токму на промоцијата на културното наследство и се дел од нашиот проект. Со видео обраќање не поздрави госпоѓа Марија Лоловска, претставник од  културниот центар.



Како резултат на долгогодишната соработка со основното училиште “Лирија“ од општина Чаир и успешноста на претходните мултикултурни активности, не поттикна да реализираме уште еден проект во знак на одбележување на Денот на светското културно наследство 18 април, со вклучување на уште две други училишта. Г-ѓа Теута Идризи, директор на ООУ Лирија, ја поздрави оваа културна манифестација со убави желби за понатамошна успешна соработка.

Имајќи предвид дека ХАЕМУС – Центарот за научно истражување и промоција на културата е директно вклучен во поддржувањето и заштитата на културното наследство како заедничка придобивка од минатото, имавме чест да ни се обрати г-ѓа Василка Димитровска , директор на Хаемус и наш соработник и не почести сите присутни со виртуелна прошетка низ средновековно Скопје.






Ова е доказ и пример дека културното наследство не е само да се едуцираат учениците за него, тоа треба да се живее, треба да се вдахнува преку посета на културните обележја, да се негува и чува традицијата и обичаите.

Посебно место во овој проект во создавањето на добра основа да ја пренесеме оваа свечена манифестација како традиција на заедничко одбележување на Денот на Светското културно наследство, се основните училишта ООУ „Лазо Трповски“, ООУ „Лирија“, ООУ „Тефејјуз“ и ООУ „26 Јули“. Училиштата тежнеат да го промовират духот на новото време, и самите се олицетворение на силна мултикултурална средина, а наставниците имаат знаења и способности да го извлечат најдоброто од општество и неговата култура. Со особено задоволство професорката по географија од ООУ 26 Јули, г-ѓа Таска Китановска Велковска како претставник на менторскиот тим упати голем поздрав до учениците од сите четири училишта



Се проследи видеото како главен продукт од сите активности, работилници и трудовите од наградниот конкурс на учениците.









Како круна на нашите активности беше создавањето на заедничка песна под менторство на професорот по музичко образование од ООУ Лазо Трповски, г-динот Кузман Маркоски. Голема благодарност до него за несебичното залагање и придонес во реализирање на целокупниот проект.  На овој настан беше  промовирана заедничката химна испеана од страна на ученичките Ива Шумковска, Џенана Џоловиќ, Хајрија Бислим, Уфра Алими и Медина Сула, испеана на македонски, турски, ромски и албански јазик, која ќе остане како сведоштво на убави спомени од овој културен настан.




Мултикултурализмот е богатство за општеството. Ова би требало да ги доведе учениците до знаење за културните разлики меѓу луѓето и надминување на стереотипите за правење разлики.

Една од најголемите придобивки на турската култура и на турската поезија е Јунус Емре. Најголема одлика  на Јунус Емре е тоа што преставува едно име кое е симбол за мирот, љубовта кон човекот и човечките вредности. Овој голем лик преку својата поезија ја развивал филозофијата

која е заснована кон универзалните човекови вредности и дава порака дека луѓето можат да остварат заеднички живот и заеднички вредности без разлика на која нација и вера припаѓаат. По повод одбележувањето на 700 години од смртта на големиот мислител, хуманист, поет учениците направија презентација за животот и делото на Јунус Емре.




Во рамки на проектот беше распишан конкурс во три категории, изработка на ликовни, литературни творби и видео. Ја имавте честа на почетокот да ја проследите виртуелната изложбена поставка на делата на сите учесници на наградниот конкурс на тема: „**Нашата татковина е дом на толеранција и меѓусебна соработка“**, направена во Споменикот на културата Куршумли ан. Следи прогласување на наградените ученици во трите категории.





Професорката по македонски јазик г-ѓа Сања Трајкоска ги објави имињата на учениците за наградените творби добиени од Комисијата за стручно оценување на сите литературни, ликовни творби и изработени видеа.



Честитки до наградените ученици, голема браво за сите учениците кои беа директни учесници во културниот настан и земаа учество во наградниот конкурс.

Учениците се горди на сè ова што го направија во овие два месеци. Тие се иднината, со учеството во проектните активности ја подигнуваат свеста и грижата за културното наследство, а преку учеството во наградниот конкурс оставија траен белег во културата.






Чувството за богатото културно минато ќе ни биде толку силно и присутно колку што имаме сознание за него. Сознанија имаме колку што имаме сведоштво за нив. Да го чуваме минатото, за да си ја предодредиме нашата иднина.

Основното училиште „Лазо Трповски“ ги обезбеди и додели наградите за учениците кои земаа учество во наградниот конкурс. Ќе додели и сертификати за учество на учениците и нивните ментори, како и за учество со предавање и активности од оваа област.





Посебна благодарност училиштето упатува на сите соработници кои несебично се вклучија во успешната реализација на овој настан во чест на одбележување на 18 април Ден на светското културно наследство, а ООУ Лазо Трповски им додели благодарници, со заложба за понатамошна соработка со Турскиот културен центар Јунус Емре, Невладината организација Хаемус, општинските основните училишта „Лазо Трповски“, „Лирија“, „26 Јули“ и „Тефејјуз“.

Благодарност и до директорите на училиштата, г-ѓа Соња Јовановска, г-ѓа Теута Идризи, г-дин Салајдин Зекир и Дритон Ганиу. Благодарност до предметните професори Кузман Маркоски, Сања Трајкоска, Таска Велковска Китановска, Сунај Копач и Блерим Јакупи, како и на останатите наставници и претставниците од стручните служби: педагогот Рената Поповска и психологот Стефан Стојановски од ООУ Лазо Трповски, наставниците и претставници од стручна служба: Шенај Далип, Филис Курт Филиз Хашмет, Сенада Хот, Шенај Селим, сите од ООУ Тефејјуз



.

Најголема благодарност до учениците кои покажаа и докажаа како се гради заедништвото, како се чуваат и негуваат културните вредности.

Нашето училиште ќе ја продолжи оваа традиција на свечено одбележување на Денот на светското културно наследство, со заложба да се издигне на повисоко ниво, да се вклучат што повеќе училишта не само од Скопје туку и од другите градови во нашата земја и пошироко. Македонија има големо културно наследство и преку едукација и вклученост на младите да испратиме порака дека треба да се чува и негува љубовта кон културното материјално и нематеријално наследство, да се зајакнува свеста за заедничките културни вредности кое ќе биде инспирација на младите и преку креативноста и уметничкото изразување да се развива успешна интеркултурна комуникација, почитување на обичаите и традицијата на различни етникуми.

Автор и координатор на проектот

Милица Патраклиева

Професор по географија

Директор на ООУ Лазо Трповски

Соња Јовановска